ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
ПЕЛАГОНИЈА
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 02-1106/3
19.10.2020 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 91 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, и член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола на седницата одржана на ден 19.10.2020 година година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за одобрување продажба на удел

### Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** продажба на уделот кој Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола го поседува во Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола со седиште на ул. Новачки пат бр.11 во Битола со ЕМБС кој претставува 100% од основната главнина на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола кој е со номинална вредност од **216.043.100,00 денари** и се состои од непаричен влог во износ од 154.000,00 денари и паричен влогво износ од 215.889.100,00 денари.

### Член 2

**СЕ ОДОБРУВА** продажбата на уделот кој претставува 100% од основната главнина на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола, кој е со номинална вредност од **216.043.100,00 денари** и се состои од непаричен влог во износ од 154.000,00 денари и паричен влогво износ од 215.889.100,00 денари, **да се изврши за продажна цена која не може да биде пониска од 10.500.000,00 ЕВРА во денарска противвредност.**

### Член 3

**Се овластува** Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, врз основа на оваа одлука да ги презема сите дејствија и соодвени постапки, за што да донесува свои одлуки за реализација на оваа одлука со потенцијални купувачи, како и донесува свои акти и одлуки за утврдување на начинот и роковите на плаќањена купопродажната цена согласно оваа одлука, како и други одлуки за спроведување и реализација постапки за одобрување на продажба на уделот утврдено со оваа одлука, вклучувајќи и продажба на уделот на заинтересирана страна што ќе значи одлука за одобрувањезделка со заинтересирана страна но за цена не пониска од продажната цена утврдена во член 2 на оваа одлука,како и други акти и одлуки за измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука.

**Се овластува** извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола,врз основа на оваа одлука и одлуките на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола од ства 1 на овој член да ги склучува потребните договори за реализација на оваа одлука под условите наведени во оваа одлука и одлуките на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а правната работа од оваа одлука, односно продажбата на уделот кој претставува 100% од основната главнина на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ

Битола, може да се изврши после бришење на Налогот за заплена на удел И.бр.402/18 од 16.11.2018 година на Извршител Николина Иванова од Битола, или по добивањето на согласност од страна на НЛБ Банка ад Скопје како Доверител, за повлекување односно бришење на Налогот за запленување на удел во трговско друштво И.бр.402/18 од 16.11.2018 година со кој се врши заплена на уделот во големина од 100% од главнината на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола, односно да даде согласност на ЗК Пелагонија ад Битола да го продаде уделот во големина од 100% од главнината на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола, согласно Одлуката за продажба на уделот кој претставува 100% од основната главнина на Друштвото за трговија и услуги КОМПЛЕКС АЛЕКСАНДРИЈА ДООЕЛ Битола со номинална вредност од 216.043.100,00 денари (паричен и непаричен влог), сопственост на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, по цена не пониска од 10,5 милиони евра во денарска противвредност.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО